К-4-2023

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - четврти квартал 2023 година -


## Резиме

- Во К-4-2023 е забележан **раст на економската активност** од 0,9% на годишна основа, со што вкупниот раст во 2023 година изнесува 1,0%;
- **Вкупниот број невработени лица** на возраст од 15 до 74 години изнесува 102.980. **Стапката на невработеност** во К-4-2023 изнесува 13,0% во категоријата од 15 до 74 години и 13,2% во категоријата од 15 до 64 години, додека кај младите лица (15 - 29 години) таа изнесува 25,4%;
- Просечната **нето-плата** во К-4-2023 изнесува 39.063 денари и бележи раст за 16,6% на номинална основа, односно за 12,8% на реална основа споредено со нето-платата во К-4-2022;
- Вкупните **буџетски приходи** во К-4-2023 се повисоки за 23,5%, а вкупните буџетски расходи за 11,4% споредено со истиот квартал од 2022 година;
- **Стапката на инфлација** во К-4-2023 изнесува 3,4% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-4-2023 се зголеми за 4,7% на квартална основа;
- Во К-4-2023 е забележан пад на **извозот на стоки** за 2,8% и на **увозот на стоки** за 7,1% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 5,4%.

# Содржина:

1. Економска активност....3
2. Пазар на работна сила....6
3. Јавни финансии....8
 3.1. Буџетски приходи според економската класификација....8
 3.2. Буџетски расходи според економската класификација....9
 3.3. Расходи по буџетски корисници....10
 3.4. Буџетски дефицит и државен долг....12
4. Инфлација и монетарни движења....12
5. Надворешен сектор....15
 5.1. Надворешнотрговска размена....15
 5.2. Платен биланс....18

# 1. Економска активност

Во К-4-2023 е забележан **раст на економската активност** за 0,9%, со што вкупниот раст во 2023 година изнесува 1,0%. Анализирано според производната страна на БДП, растот на активноста во **услужниот сектор** е на широка основа и се зголеми за 1,6%. Највисок раст во рамките на услужните дејности има кај Финансиски и дејности на осигурување за 3,5%, по што следуваат: Трговија, транспорт и угостителство за 2,3%, Информации и комуникации за 2,2%, Стручни, научни и технички дејности за 2,1%, Дејности во врска со недвижен имот за 1,6% и Јавна управа, одбрана, образование и здравство за 0,2%. Пад е забележан кај Уметност, забава и рекреација за 2,0%.

Табела 1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 |
| Бруто-домашен производ | 1,4 | 0,9 | 1,0 | 0,9 | 1,0 | | | | | |
| Земјоделство | -0,2 | 0,1 | 2,0 | -15,3 | -3,8 | 0,0 | 0,0 | 0,2 | -1,2 | -0,3 |
| Индустрија | -0,8 | 0,1 | -1,7 | 1,6 | -0,1 | -0,1 | 0,0 | -0,3 | 0,3 | 0,0 |
| Преработувачка индустрија | -3,2 | -1,8 | -1,2 | 1,9 | -0,8 | -0,4 | -0,2 | -0,1 | 0,3 | -0,1 |
| Градежништво | 18,9 | -14,8 | -13,0 | 5,5 | -2,3 | 0,7 | -0,8 | -0,9 | 0,4 | -0,1 |
| Услужен сектор | 2,0 | 3,0 | 3,3 | 1,6 | 2,5 | 1,2 | 1,7 | 1,9 | 0,9 | 1,4 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 3,4 | 4,4 | 1,9 | 2,3 | 3,0 | 0,7 | 0,8 | 0,4 | 0,4 | 0,6 |
| Информации и комуникации | 7,0 | 3,3 | 5,4 | 2,2 | 4,4 | 0,3 | 0,2 | 0,2 | 0,1 | 0,2 |
| Финансиски и дејности за осигурување | 3,7 | 3,9 | 6,6 | 3,5 | 4,4 | 0,1 | 0,1 | 0,2 | 0,1 | 0,1 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 3,6 | 4,1 | 5,6 | 1,6 | 3,7 | 0,4 | 0,5 | 0,6 | 0,2 | 0,4 |
| Стручни, научни и технички дејности | 1,5 | 3,6 | 5,5 | 2,1 | 3,2 | 0,1 | 0,2 | 0,2 | 0,1 | 0,1 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | -4,5 | -0,9 | -0,2 | 0,2 | -1,4 | -0,6 | -0,1 | 0,0 | 0,0 | -0,2 |
| Уметност, забава и рекреација | -0,4 | 1,9 | 2,7 | -2,0 | 0,6 | 0,0 | 0,1 | 0,1 | -0,1 | 0,0 |
| Нето-даноци на производи | -0,4 | -0,2 | 2,1 | 3,9 | 1,2 | -0,1 | 0,0 | 0,2 | 0,5 | 0,2 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-4-2023) и пресметки на МФ

**Индустрискиот сектор** забележа раст од 1,6%, во чии рамки преработувачката индустрија порасна за 1,9%. Согласно високофреквентните податоци, раст во К-4-2023 забележаа и секторите Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,7% и Рударство и вадење камен за 1,5%. Во рамки на преработувачката индустрија позначителен придонес врз растот имаат следните гранки: Производство на моторни возила, приколки и

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

полуприколки (раст од 23,5%, придонес 2,5 п.п.), Поправка и инсталирање на машини и опрема (раст од 358,2%, придонес 1,6 п.п.) и Производство на прехранбени производи (раст од 7,3%, придонес од 0,8 п.п.).

**Земјоделскиот сектор** регистрира двоцифрен пад од 15,3%, по растот од 2,0% во претходниот квартал, со што продолжуваат променливите движења во овој сектор. **Градежната активност** забележа раст од 5,5%, а согласно месечните податоци за вкупните извршени градежни работи ваквото остварување се должи на растот на градежната активност во сегментот на нискоградбата, додека активноста во делот на високоградбата забележа пад.

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на позитивниот придонес на нето-извозот врз економскиот раст и на растот на потрошувачката.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти
*(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Потрошувачката** забележа раст од 3,7% на реална основа. Притоа, **приватната потрошувачка** забележа раст од 3,3%, во најголем дел како резултат на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на платите во економијата, поддржана и од кредитирањето на домаќинствата. **Јавната потрошувачка** забележа раст од 5,6% на реална основа.

**Бруто-инвестициите** забележаа пад од 20,5%, главно како резултат на намалувањето на залихите, кои значително се зголемија минатата година заради надминување на состојбите предизвикани од војната во Украина и неизвесноста во однос на достапноста и цените на суровините и енергентите.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот на стоки и услуги** забележа раст од 0,1% на реална основа, додека **увозот на стоки и услуги** се намали за 6,5%. Оттука, и покрај падот на извозот, нето-извозот бележи позитивен придонес врз економскиот раст.


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Табела 2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | | придонес во раст (п.п.) | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 | К1 2023 | К2 2023 | К3 2023 | К4 2023 | 2023 |
| Бруто-домашен производ | 1,4 | 0,9 | 1,0 | 0,9 | 1,0 | | | | | |
| Финална потрошувачка | -0,2 | 2,1 | 1,8 | 3,7 | 1,9 | -0,2 | 1,8 | 1,5 | 3,2 | 1,6 |
| Приватна | 0,7 | 2,8 | 2,8 | 3,3 | 2,4 | 0,4 | 1,9 | 2,0 | 2,4 | 1,7 |
| Јавна | -4,3 | -1,1 | -3,0 | 5,6 | -0,6 | -0,7 | -0,2 | -0,5 | 0,9 | -0,1 |
| Бруто-инвестиции | -22,3 | -4,8 | -18,7 | -20,5 | -16,7 | -9,6 | -1,8 | -5,7 | -7,0 | -6,0 |
| Извоз на стоки и услуги | 6,6 | -1,4 | -5,0 | 0,1 | -0,1 | 4,6 | -1,0 | -3,9 | 0,1 | -0,1 |
| Увоз на стоки и услуги | -5,0 | -2,0 | -9,8 | -6,5 | -5,8 | -4,6 | -2,0 | -9,2 | -6,0 | -5,5 |
| Нето-извоз | | | | | | 9,2 | 0,9 | 5,3 | 6,1 | 5,4 |
| *резидуал* | | | | | | 1,9 | 0,0 | -0,2 | -1,4 | 0,0 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-4-2023) и пресметки на МФ

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП за К4 2023 во ЕУ и регионот, во %




Извор: Евростат и национални заводи за статистика

*Расположливите податоци за Западен Балкан (5) се однесуваат на земјите: БиХ, Косово, С. Македонија, Србија и Црна Гора

## 2. Пазар на работна сила

Од почетокот на 2021 година, во сите земји членки на ЕУ, Анкетата за работната сила се спроведува во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа работна сила. РСМ ги имплементираше овие регулативи во 2023 година, а претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 е укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии на податоци, па во таа насока податоците за 2023 година не се споредливи со податоците од претходните години.

### Вработеност

Во К-4-2023, според Анкетата на работната сила, **бројот на вработени лица** на возраст од 15 до 89 години изнесува 687.459, што претставува пад од 0,8% (или 5.309 лица), споредено со третиот квартал.

По **дејности**, најголем број од вработените во К-4-2023 се во услужната дејност (402.886 лица или 58,6% од вкупно вработените), а потоа следи индустријата со вкупно 168.030 лица (24,4% учество во вкупниот број вработени лица), во чии рамки најголем број вработени бележи секторот Преработувачка индустрија (140.589 вработени лица или 20,5% од вкупно вработените). Вработените во земјоделскиот сектор и градежништвото вработени лица учествуваат со по 8,8% и 7,8%, соодветно во вкупниот број, односно 60.317 и 53.732 лица соодветно.

Во рамки на услужната дејност, најголем дел од вработените се во секторот Трговија на големо и трговија на мало (101.858 лица или 14,8% од вкупно вработените), следен од секторите:

Образование (48.208 лица или 7,0% од вкупно вработените), Дејности на здравствена и социјална заштита (46.852 лица или 6,8% од вкупно вработените), и Јавна управа и одбрана (43.913 лица или 6,4% од вкупно вработените).

Графикон 2.1 Пазар на труд



Извор: Државен завод за статистика

Од вкупниот број вработени, 529.803 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (77,1% од вкупно вработените), додека 157.656 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (22,9% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-4-2023 во категоријата од 15 до 64 години изнесува 56,6%, а во категоријата од 15 до 89 години 45,4%. Во однос на претходниот квартал стапката на вработеност во овие категории е намалена за 0,5 п.п. и 0,3 п.п.,

соодветно. Кај лицата од 15 до 29 години, стапката на вработеност изнесува 33,4% или повисока за 0,4 п.п. споредено со претходниот квартал.

**Според половата структура**, стапката на вработеност во категоријата 15 - 89 години е значително повисока кај мажите и изнесува 53,0% наспроти 37,9% кај жените.

## Невработеност

**Вкупниот број невработени лица** на возраст од 15 до 74 години изнесува 102.980. Во К-4-2023, **стапката на невработеност** во категоријата од 15 до 74 години изнесува 13,0%, што претставува зголемување за 0,2 п.п. споредено со претходниот квартал. Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 13,2%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 25,4% и во однос на К-3-2023 година тие се зголемени за 0,3 п.п. и 1,4 п.п., соодветно.

**Според половата структура**, стапката на невработеност кај женското население од возрасната група 15 - 74 во К-4-2023 изнесува 10,1% и е пониска за 5,0 п.п. во однос на стапката на невработеност кај мажите од истата возрасна група, која изнесува 15,1%.

## Активно население

**Вкупното активно население** на возраст од 15 до 89 години во К-4-2023 изнесува 790.439 лица или 52,2% од вкупното работоспособно население.

**Според половата структура,** стапката на активност кај жените од возрасната група 15 - 89 години изнесува 42,2% и е пониска за 20,2 п.п. од онаа кај мажите (62,4%).

## Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-4-2023 изнесува 39.063 денари или за 16,6% повисока на номинална основа споредено со истиот квартал од 2023 година, додека на реална основа таа е повисока за 12,8%.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Највисока нето-плата во К-4-2023 е исплатена во секторот Информации и комуникации (71.788 денари), по што следат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 54.309 денари, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со просечно исплатена нето-плата во висина од 54.138 денари и Рударство и вадење камен (48.857 денари).

Просечната месечна **бруто-плата** во К-4-2023 изнесува 58.659 денари, што претставува раст од 17,0% на номинална основа и 13,1% на реална основа.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-4-2023 учествуваат со 34,2% во кварталниот БДП и се повисоки за 23,5% споредено со четвртиот квартал од 2022 година, а притоа раст бележат даноците за 28,3%, придонесите за 19,8% и неданочните приходи за 4,1%. Кај даночните приходи, повисока наплата е забележана кај приходите по сите основи, односно кај данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и другите даночни приходи.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К4
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Наплатата на индиректните даноци во К-4-2023 во споредба со К-4-2022 е зголемена за 23,3%, а на директните даноци за 13,1%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството на приходите од директни даноци е зголемено за 0,3 п.п. на годишно ниво, односно од 4,8% колку што изнесуваше во четвртиот квартал минатата година на 5,1% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-4-2023 изнесува 13,6% и е повисоко за 1,8 п.п. во однос на К-4-2022 кога изнесуваше 11,8%.

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ кои претставуваат 45,9% од вкупните даночни приходи во К-4-2023, а се зголемени за 27,9% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 12,1%, а приходите од царински давачки за 20,4%.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К4 2023
(во мил. денари)




Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 14,9%, а приходите од

данокот на добивка за 9,0% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 19,8%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 19,6%, кај придонесите за вработување за 19,6% и кај придонесите за здравствено осигурување од 20,5%.

Во К-4-2023, **неданочните приходи**, кои претставуваат 2,0% од кварталниот БДП, беа реализирани за 4,1% повеќе во однос на истиот квартал од 2022 година.

**Капиталните приходи**, во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди, во К-4-2023 беа повисоки за 30,7% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се повисоки за 29,7% во споредба со истиот квартал од 2022 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-4-2023, со учество од 40,1% во кварталниот БДП, се повисоки за 11,4% споредено со истиот квартал од 2022 година.

**Тековните расходи**, кои претставуваат 33,3% од кварталниот БДП, учествуваат со 83,1% во вкупните расходи и беа реализирани за 14,3% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа намалување од 3,7%, а расходите за плати и надоместоци зголемување од 26,1% во однос на истиот квартал претходната година.



Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К4 2023 (во мил. денари)

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 61,8% во вкупните расходи, беа реализирани за 13,6% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 13,6% и учествуваа со 44,0% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 14,0% и забележаа учество од 25,5% во вкупните расходи.



Графикон 3.4. Буџетски остварувања во К4 2023

Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 16,9% во


MQS Partner of Quality Austria Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

вкупните расходи и забележа зголемување од 13,3% во однос на четвртиот квартал од 2022 година. Блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување од 20,5%, додека субвенциите и трансферите се зголемија за 12,3% споредено со К-4-2022.

Расходите за каматни плаќања се зголемени за 60,5% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 33,5%, а каматните расходи по надворешен долг за 127,2%.

**Реализацијата на капиталните расходи**, кои претставуваат 6,8% од кварталниот БДП, е пониска за 0,7% споредено со истиот квартал од 2022 година и нивното учество во вкупните расходи изнесува 16,9%.

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

**Министерството за труд и социјална политика** во К-4-2023 година реализира 10.713 милиони денари или 19,3% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (50,7%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 5.432 милиона денари или 15,2% од средствата наменети за 2023 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, која учествува со 31,8% во вкупните расходи и за оваа намена се реализирани 25,0% (3.409 милиони денари) од планираните за 2023 година.

Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 10.109 милиони денари, што претставува 28,9% од вкупниот буџет за 2023 година. Најголем дел од расходите (56,7%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 5.728 милиони денари или 28,2% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 16,4%, за што се потрошени 1.655 милиони денари, односно 28,7% од вкупно предвидените.

Графикон 3.5. Структура на расходи по буџетски корисници во К-4-2023 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

**Владата на Република Северна Македонија** во К-4-2023 година реализира вкупно 3.951 милион денари, односно 39,6% од планираните средства за 2023 година. Притоа, ставката субвенции и трансфери има доминантно учество од 57,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, за што се реализирани 2.289 милиони денари (64,0% од предвидените средства).

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 3.607 милиони денари, што претставува 27,9% од сопствениот буџет за 2023 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 69,5%, за што се потрошени 2.507 милиони денари или 28,8% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,9%, за што се реализирани 572 милиона денари или 23,5% од годишниот план.

Во К-4-2023 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 2.653 милиони денари што претставува 25,8% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, ставка којашто учествува со 85,7% во вкупните расходи, изнесува 25,8% од планираните средства, односно 2.273 милиони денари.

Во периодот К-4-2023 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 2.214 милиони денари, што е 30,7% од вкупниот буџет за 2023 година. Расходите за стоки и услуги имаат најголемо учество во вкупните расходи од 57,0%, за што се потрошени 1.262 милиона денари или 39,8% од средствата наменети за 2023 година. За тековни трансфери до вонбуџетските фондови издвоени се 796 милиони денари, односно 25,7% од вкупно планираните.

Во периодот К-4-2023 година **Министерството за одбрана** реализира 4.623 милиони денари, што е 30,7% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаат најголемо учество во вкупните расходи и тоа 37,0%, за што се потрошени 1.709 милиони денари, односно 38,1% од вкупно предвидените. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 32,5% и исплата од 1.505 милиони денари, што е 27,7% од планираните средства за тековната година.

Во овој период, **Министерството за транспорт и врски** реализира 6.382 милиона денари, што е 31,7% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 32,6% од предвиденото за цела година (6.188 милиони денари).

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** во периодот К-4-2023 година реализира 492 милиона денари што претставува 30,2% од вкупниот буџет за оваа година. Капиталните расходи имаат најголемо учество (38,6%) во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 190 милиони денари, односно 27,4% од вкупно предвидените. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка во структурата на вкупните расходи со учество од 32,4% и исплата од 160 милиони денари, што е 29,1% од планираните средства за тековната година.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.058 милиони денари, што е 27,1% од вкупниот буџет за

тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 29,1% од предвиденото за цела година (805 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска (*http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/*).

### 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во четвртиот квартал од 2023 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 13.852 милиона денари или 5,9% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 8.528 милиони денари, односно 3,7% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-4-2023 изнесува 53,1% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 2,3 п.п. во однос на К-3-2023. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-3-2023 е зголемено за 0,1 п.п. и изнесува 57,5%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно намалено и изнесува 42,5% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.6. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-4-2023, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 3,4% (7,7% во претходниот квартал) на годишна основа. Таа забави за 4,3 п.п. во споредба со К-3-2023.

Во четвртиот квартал од 2023 година потрошувачките цени регистрираат понатамошно намалување во сите три категории, но со изразено намалување на цените на храната што се пресликува од падот на цените на светските берзи, а голем удел во намалувањето на овие цени во последниот квартал имаше и мерката на Владата за намалување на цените на основните прехранбени производи за 10% кои во малопродажбата се продаваат со ознаката „гарантирана цена“.

Базичната инфлација регистрира умерено забавување и изнесува 6,2% (7,2% во К-3-2023). Притоа, во овој квартал имаше зголемување на цените на тутунските производи, како резултат на повисоките акцизи, што придонесе за зголемување на базичната инфлација.

Гледано по компоненти, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци во К-4-2023 се на едноцифрено ниво од 1,0% (10,2% во претходниот квартал), што претставува драстично намалување во споредба со претходниот квартал, при што падот е најизразен кај цените на млекото, сирењето и јајцата и цените на лебот и житарките. Гледано според структурата, најголем позитивен придонес во растот имаа цените на месото, зеленчукот и овошјето.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Раст на потрошувачките цени во К-4-2023 се забележува и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 9,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина од 9,0%, Разновидни стоки и услуги од 7,9%, Рекреација и култура од 7,5%, Ресторани и хотели од 6,7%, Здравствена заштита од 5,1%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 5,0%, Облека и обувки од 4,3%, Образование од 2,9% и Комуникации од 1,6%. Цените во категоријата Транспорт регистрираа намалување од 0,7%, како резултат на намалувањето на цените на горивата. Во четвртиот квартал цените на мало регистрираа раст од 3,5%.

Во првите три квартали од 2023 година, Народната банка продолжи со трендот на зголемување на **основната каматна стапка**, меѓутоа во четвртиот квартал основната каматна стапка остана непроменета на нивото од 6,30% во услови на значително забавување на инфлацијата и поволен девизен пазар, но и при сè уште присутни ризици. Каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена останаа непроменети во четвртиот квартал и изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

**Примарните пари**[1] во К-4-2023 забележаа раст од 2,8% на квартална основа (во претходниот квартал е забележан раст од 8,4%), како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 3,0% и на готовите пари во оптек за 2,6%.

Во однос на К-4-2022, примарните пари се зголемија за 11,2% (во К-3-2023 е забележан раст од 8,8%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 17,2% и 6,2%, соодветно.

Во К-4-2023, најтесната парична маса М1[2] забележа раст од 9,6% во однос на

[1] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните

претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 се зголеми за 4,7%, а најширокиот монетарен агрегат М4 регистрираше раст од 4,8% на квартална основа.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[3] на банките во К-4-2023 се зголеми за 4,7% на квартална основа, по растот од 0,5% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата и домаќинствата се зголемија за 6,9% и 4,2%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 7,6%, а девизните депозити регистрираа раст од 1,0%.

Степенот на евроизација е намален за 1,5 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 43,1%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-4-2023 се зголеми за 0,1 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 22,1% (во К-3-2023 изнесуваше 22,0%). Во анализираниот период, краткорочните депозити забележаа намалување од 0,7%.

**Кредитната активност** на банките во К-4-2023 се зголеми за 1,9% на квартална основа (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 0,5%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 2,1% и на кредитите кон домаќинствата за 1,7%. Од валутен аспект, денарските и девизните кредити во К-4-2023 се зголемија за 2,9% и 0,5%, соодветно.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Според рочноста, долгорочните кредити во К-4-2023 бележат раст од 2,2% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити од 0,9%.

**Каматната стапка**[4] на денарските кредити во К-4-2023 изнесува 5,75% и е зголемена за 0,08 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[3] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

[4] Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

на девизните кредити во К-4-2023 изнесува 5,16% што значи дека е намалена за 0,13 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на денарските депозити во К-4-2023 изнесува 2,21% и забележа раст од 0,22 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува 1,34% и е зголемена за 0,16 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-4-2023 изнесува 5,79%, а на новоодобрените девизни кредити 4,34%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,79% и 1,88%, соодветно.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-4-2023 изнесува 4.982,8 милиони евра и бележи пад од 5,4% во однос на истиот квартал од 2022 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-4-2023 изнесува 2.082,3 милиони евра и во однос на К-4-2022 бележи пад од 2,8%, додека споредено со претходниот квартал раст од 4,7%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), во К-4-2023 се забележува пад на извозот на годишна основа во следните сектори:

- хемиски производи за 12,3% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата хемиски материи и производи за 103,0 милиони евра или 15,3%);
- минерални горива и мазива за 44,7% (електрична енергија за 47,4 милиони евра или 46,2%; нафта и производи од нафта за 12,2 милиона евра или 36,4%);
- производи класирани по материјалот за 8,5% (предиво, ткаенини и текстилни производи за 14,0 милиони евра или 36,9%; изработки од метал за 4,4 милиони евра или 15,5%);
- суровини освен гориво за 8,2% (метална руда и отпадоци од метал за 8,3 милиони евра или 12,6%) и
- животински и растителни масла за 47,0% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,6 милиони евра или 52,7%).

Раст на извозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 17,3% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 37,9 милиони евра или 12,3%; друмски возила за 24,3 милиони евра или 25,4%; индустриски машини и уреди за 16,8 милиони евра или 26,8%);
- разни готови производи за 3,8% (мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и сл. за 21,7 милиони евра или 23,7%);
- пијалаци и тутун за 33,0% (тутун и производи од тутун за 6,0 милиони евра или 48,5%) и
- производи за храна за 12,7% (овошје и зеленчук за 5,5 милиони евра или 9,5%; кафе, чај, какао, зачини и производи од нив за 3,2 милиона евра или 31,0%; жита и преработки од жита за 3,1 милион евра или 10,1%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2023 пад на извозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 98,7 милиони евра или 8,6% и
- горива и мазива за 61,1 милион евра или 45,1%.

Зголемување на извозот е забележано во следните групи производи:

- транспортна опрема за 46,5 милиони евра или 16,9%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 30,8 милиони евра или 14,5%;
- храна и пијалаци за 17,0 милиони евра или 11,6% и
- стоки за широка потрошувачка за 2,8 милиони евра или 1,2%.

**Увозот на стоки** во К-4-2023 изнесува 2.900,5 милиони евра и е намален за 7,1% во однос на К-4-2022, додека во однос на претходниот квартал бележи раст од 7,0%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-4-2023 во однос на К-4-2022 се забележува во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 13,6% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата обоени метали за 103,9 милиони евра или 25,3%);
- минерални горива и мазива за 34,4% (гас, природен и индустриски за 83,2 милиона евра или 58,8%; нафта и производи од нафта за 68,3 милиони евра или 24,8%);
- хемиски производи за 8,6% (неоргански хемиски производи за 67,4 милиони евра или 47,1%) и
- животински и растителни масла за 23,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 5,1 милион евра или 25,7%).

Зголемување на увозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 11,8% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 40,6 милиони евра или 39,3%; машини специјализирани за одредени индустрии за 28,7 милиони

евра или 58,3%; индустриски машини и делови за 21,4 милиони евра или 29,2%);

- разни готови производи за 10,2% (професионални, научни и контролни инструменти и апарати за 11,7 милиони евра или 56,3%; мебел и негови делови, постелнина, душеци, перници и слично за 4,8 милиони евра или 16,8%);
- суровини освен гориво за 16,3% (метална руда и отпадоци од метал за 11,5 милиони евра или 82,2%);
- производи за храна за 8,9% (месо и преработки од месо за 8,2 милиона евра или 16,7%; овошје и зеленчук за 7,1 милион евра или 19,8%) и
- пијалаци и тутун за 24,5% (пијалаци за 5,4 милиони евра или 33,8%).

Гледано **по економска намена**, во К-4-2023 пад на увозот е забележан во следните групи производи:

- горива и мазива за 179,4 милиони евра или 35,1% и
- стоки за индустриски набавки за 168,6 милиони евра или 11,6%.

Зголемување на увозот е забележано во следните групи производи:

- транспортна опрема за 46,6 милиони евра или 33,1%;
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 30,6 милиони евра или 6,6%;
- храна и пијалаци за 24,9 милиони евра или 9,0% и
- стоки за широка потрошувачка за 23,8 милион евра или 8,7%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-4-2023




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27[5]) во К-4-2023 е

[5]Започнувајќи од февруари 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

намалена за 1,3% во однос на К-4-2022, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 61,7% и е зголемено за 2,5 п.п. споредено со четвртиот квартал во 2022 година. Притоа, во К-4-2023 извозот на стоки учествува со 77,4%, а увозот на стоки со 50,4%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-4-2023 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран дефицит од 111,8 милиони евра, што претставува 2,9% од кварталниот БДП наспроти дефицитот од 7,8% од БДП забележан во истиот квартал од 2022 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, дефицитот на тековната сметка во К-4-2023 е намален за 162,8 милиони евра, односно 59,3%, што се должи на намалувањето на дефицитот на сметката на стоки за 11,6%, како и на зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 82,7% и на сметката на секундарен доход за 3,4%. Спротивно влијание имаше зголемувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 24,2%.

Во К-4-2023, **трговскиот дефицит** е намален за 100,0 милиони евра на годишно ниво, додека во процент од кварталниот БДП тој е намален за 4,3 п.п. на годишна основа и изнесува 20,1%.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-4-2023 изнесува 171,0 милион евра и во однос на истиот квартал од 2022 година тој е зголемен за 77,4 милиони евра. **Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-4-2023 изнесува 149,0% од кварталниот БДП и во однос на К-4-2022 е намалена за 15,5 п.п..

Во К-4-2023, сметката на **примарен доход** забележа дефицит во износ од

186,3 милиони евра и тој е зголемен за 36,3 милиони евра на годишно ниво.

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-4-2023 изнесува 665,7 милиони евра и на годишно ниво е зголемен за 21,7 милиони евра. Растот се должи на зголемувањето на тековните трансфери за 12,3 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 95,7%, додека официјалните трансфери се зголемени за 9,5 милиони евра, а во сметката на секундарниот доход учествуваат со 4,3%.

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-4-2023 изнесува 0,7 милиони евра наспроти суфицитот од 1,7 милиони евра остварен во К-4-2022. Влошувањето на салдото на капиталната сметка се должи главно на одливот на капитални трансфери.

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-4-2023 изнесуваат 232,6 милиони евра и во однос на К-4-2022 се намалени за 7,8 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период потекнува од должнички инструменти (по овој основ е остварен 122,9% од вкупниот прилив на СДИ) и сопственички капитал (21,1% од вкупниот прилив на СДИ), додека по основ на реинвестирање на добивката се забележува одлив.

**Портфолио инвестициите** во К-4-2023 изнесуваат 37,4 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година тие се намалени за 36,8 милиони евра.

**Останатите инвестиции** во К-4-2023 се негативни и изнесуваат 515,6 милиони евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, валутите и депозитите, заемите и трговските кредити и аванси бележат негативно салдо од 99,0; 384,9 и 31,8 милиони евра, соодветно.

На крајот на четвртиот квартал од 2023 година, **девизните резерви** изнесуваат 4,5 милијарди евра и во однос на К-4-2022 се зголемени за 17,5%. Девизните резерви на крајот на К-4-2023 обезбедуваат 4,6-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.